Врз основа на член 109 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/86, 17/91, 84/05, 109/05 и 70/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

# ТАРИФНИК
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ И КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

### Член 1

(1) Во Тарифникот за висината на надоместокот за користење на податоците од премерот и катастарот на недвижностите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 122/07), во членот 6, по точката 1 се додава нова точка 2., која гласи:

„2. за увид по електронски пат од 1 (еден) пристап во податоци за носители на права, за катастарска парцела, за згради и посебни делови од згради и за товари, прибележувања и ограничувања

-кога се бара од 1 (еден) до 20 (дваесет)
пристапи одеднаш:............................................................................70 денари

-кога се бара од 21 (дваесет и еден) до 100 (сто)
пристапи одеднаш:............................................................................60 денари

-кога се бараат повеќе од 101 (сто и еден)
пристапи одеднаш:............................................................................50 денари”

(2) Точките 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат точки 3, 4, 5, 6 и 7.

### Член 2

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„, а ќе се применува од 01 јануари 2008 година.